

Шпаркасе Банка
# ВРАБОТУВА

# СОРАБОТНИК
## ЗА УСОГЛАСЕНОСТ

**ЛОКАЦИЈА**
Скопје, Дирекција Генерален секретаријат/Оддел за СППФТ и усогласеност со прописи

---

| 200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse | 120.000 клиенти во земјата | 36 експозитури и 97 АТМ | посветеност, кредибилитет и сигурност |
|---|---|---|---|

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

## Што ќе биде твојата улога

Следење на сите прописи кои се однесуваат на работењето на Банката

Идентификување и следење на ризиците од неусогласеност на работењето на Банката со прописите и преземање корективни мерки за нивно надминување

Перманентно и ефикасно советување на членовите на Управниот Одбор за прашања во врска со примената на прописите

Навремено известување на членовите на Управниот Одбор и Раководителите на поединечни организациони единици за измените и дополнувањата на прописите

Оценка  на потенцијалното влијание од промените во прописите врз работењето на Банката и врз окружувањето во кое функционира Банката

Оценка на усогласеноста на новите производи и деловните процеси во Банката со законската и подзаконска регулатива

Следење и анализа на усогласеноста на интерните акти на Банката (Статут, политики, процедури и сл.) со законските, подзаконските, групациските и интерните прописи и давање предлог за нивна измена и дополнување

Контрола од аспект на усогласеност со прописите на нацрт-договорите кои ги склучува Банката со своите клиенти за производите кои ги нуди на пазарот, како и договорите кои ги склучува со физички и правни лица кои за Банката извршуваат одредени активности или услуги

Кореспонденција со надлежни регулаторни тела

Спроведување обука и информирање на вработените за начините на имплементирање на соодветните закони и подзаконски акти во работењето на банката

---

## Кои квалификации се потребни

ВСС, Правен Факултет

Минимум 1-3 години работно искуство во областа

Претходно банкарско искуство на позицијата ќе се смета за предност

Активно познавање на основните информатички вештини (Micro-soft Office) и активно познавање на англиски јазик

Високо ниво на познавање на законските регулативи кои го регулираат банкарското работење, соодветно стручно знаење и искуство во извршување на задачите, добро познавање на деловната активност и работните процеси во банката

Независност, интегритет, способност за работа во стресни ситуации, способност за самостојно и брзо донесување одлуки, иницијативност, предлагање на решенија, способност за интерпретирање и примена на  легислатива, политики и процедури

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **20.10.2023** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА УСОГЛАСЕНОСТ “.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!** #верувајвосебе #верувајвоиднината

SPARKASSE Bank